| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Детски игри |
| **Содржина на денот** | Која боја, која форма |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема како правилно се одржува личната хигиена додека играме со другарите кога сме во паркот. |
| **Активности** | Во природата на децата е да бидат љубопитни. А таа љубопитност треба ние како возрасни да ја задоволиме и поттикнуваме уште од најраната возраст. Играјте со децата бидејќи на почетокот од нивниот живот Вие сте најнепосредниот контакт и преку Вас и со Вас учат многу работи. За да играте секогаш не ви се потребни стандардни играчки. Играчките може да ги изработите сами и играта може да биде уште поинтересна. Земете еден голем картон. Тој нека биде подлога на која ќе ги нацртате формите круг, квадрат и триаголник. Обојте ги со основните бои црвена, сина и жолта. Дајте му на детето боички и охрабрете го и подучете го како се држи боичката, како се бои правилно, и секако пофалете го. Поттикнете го детето да одбере една од исечените форми и да ја пронајде истата која е нацртана на картонската подлога и да ја залепи врз неа. Пофалете го за добро завршената работа.<br>Играта може да продолжи, со истите исечени форми и картонски кутии од чевли кои ги имате во домот. На секоја картонска кутија исечете отвор во облик на круг, квадрат и триаголник. Објаснете и покажете му на детето дека секоја форма треба да ја стави во соодветната кутија. Децата истовремено ќе ги поттикнувате да ја именуваат формата и бојата. Уживајте во играта со детето. |